Предлагачи: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, јули 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: / E pranuar: | 23. 07. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 4164/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:



2

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 124/19 и 178/21) се уредуваат видовите, висината, условите, начинот и постапката за доделување на финансиска поддршка на инвестициите на деловните субјекти кои ќе инвестираат во Република Северна Македонија и истиот претставува шема на помош согласно прописите со кои се уредува контролата на државната помош. Целта на овој закон е поттикнување на економскиот раст и развој во Република Македонија преку поддршка на инвестициите за зголемување на конкурентноста на економијата и на вработувањата.
Со овој закон се врши бришење на дефиницијата „добавувач“ и исто така се прецизира дефиницијата за продуктивните почетни инвестици и „новоформиран деловен субјект“. Во делот на корисниците на финансиска помош се одредува минимум износ за продуктивната почетна инвестиција која изнесува 100.000 евра во денарска противвредност.
Со овие измени се допрецизираат и условите за финансиската поддршка на нововработените лица, се допрецизираат условите и критериумите за опрадавни инвестициски трошоци за трансфер на технологија и know how, а исто така се предлага персоналните трошоци за истражувачи, техничари и друг кадар повеќе да не се поддржуваат.
Со предлогот на закон се допрецизираат условите за реализација на финансиска поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес за државата во однос на поддршката за нови вработувања и условите за исплата на средства, како и се допрецизираат условите за временска реализација на финансиската поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес за државата во однос на поддршката за нови вработувања. Се појаснува кога во случај на испразнување на работно место по било која основа, деловниот субјект потребно е истото да го пополни во рок од три месеци, во спротивно потребно е да ги врати средствата кои ги добил по основ на новосоздаденото работно место.
Со предложените измени и дополнувања се утврдуваат условите за раскинување на договор за финансиска поддршка, како и формирање на нова Комисија која ќе ги контролира договорите, нејзини членови, како и видот, начинот и обемот на вршење на контрола на договорите за финансиска поддршка.
Заради поефикасно функционирање на органите на државната управа и прилагодување на современите потреби во некои области, меѓу кои во економијата и пазарот на труд, се пристапи кон измена и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, со кој Министерството за економија се преименуваше во Министерство за економија и труд.
Заради конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на ова министерство утврдени во член 11 со кој се менува членот 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за

организација и работа на органите на државната управа, потребно е усогласување на овие одредби со одредбите на постојните закони со кои се уредува оваа област.
Од овие причини и заради доследност и усогласување на посебните закони со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, се предлага Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции се прецизираат одредбите и се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции не предизвикува финансиски импликации врз Републичкиот буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства и истиот не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

## V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме Собранието по Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции да расправа по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ

### Член 1

Во Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 124/19 и 178/21), во член 4 точката 3 се брише.
Точките 4, 5, 6 ,7, 8, 9, 10 и 11 стануваат точки 3, 4, 5, 6 ,7, 8, 9 и 10.
Во точка 12 која станува точка 11 во воведната реченица по зборовите „поврзани со“ се додаваат зборовите „производствената дејност согласно Националната класификација на дејности, НКД Рев 2 сектор В (преработувачка индустрија) како и поврзани со: „.
Точките 13, 14 и 15 стануваат точки 12, 13 и 14.
По точката 16 која станува точка 15 се додава нова точка 16 која гласи:
„16. Новооснован деловен субјект” е деловен субјект кој е основан најдоцна две години пред годината на поднесување на барањето за доделување на финансиската поддршка.“.

### Член 2

Во член 9 во ставот (1) алинејата 1 се менува и гласи:

„- кои започнале или ќе започнат продуктивна почетна инвестиција во годината кога го поднесуваат барањето за доделување на финансиската поддршка во вкупен износ од најмалку 100.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија.“.

### Член 3

Во член 10 алинеите 6 и 7 се бришат.

### Член 4

Во член 14 ставот (1) точката б) се брише. Точките в), г), д), ѓ) и е) стануваат точки б), в), г), д) и ѓ).

### Член 5

Во член 16 алинеја 1 се менува и гласи:

„- најмалку три месеци пред вработувањето да немале засновано работен однос и да не биле претходно вработени кај корисникот на финансиската поддршка или во поврзан деловен субјект со корисникот на финансиска поддршка или”.
Во алинејата 2 зборовите „со него” се бришат.

Член 6

Насловот пред членот 17 и членот 17 се бришат.

Член 7

Членот 18 се брише.

Член 8

Членот 19 се брише.

Член 9

Во член 20 во ставот (4) алинејата 1 се брише.
Алинејата 2 станува алинеја 1.
Во алинејата 3 која станува алинеја 2, запирката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“.
Алинејата 4 која станува алинеја 3 се менува и гласи:
„- трошоци за трансфер на технологија и know -how како и стекнување на патенти и лиценци купени или лиценцирани од страна на надворешни извори, по пазарни цени.“.
Алинеите 5 и 6 се бришат.
По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7) кои гласат:
„(6) За остварување на правото на финансиската поддршка од овој член, деловниот субјект треба активностите и резултатите од организациониот облик за технолошки развој и истражување да ги применува во својата производствена дејност.
(7) Доколку деловниот субјект користел финансиска поддршка од став (1) од овој член, должен е да го задржи организациониот облик за технолошки развој и истражување најмалку пет години од датумот на завршување на инвестицискиот проект.“

Член 10

Во член 23 став (1) во точката а) зборовите „почнувајќи од датумот на почеток на инвестицискиот проект“ се заменуваат со зборовите „за оние лица за кои е исполнет еден од условите во член 16 став (1) алинеи 1, 2 и 3 од овој закон“. .
Во точката г) во воведната реченица по зборот „Македонија“ се додаваат зборовите „која важела во претходната година во рок од најмалку една година.“
Во алинејата 1 по зборот „лица“ се додаваат зборовите „односно создадени работни места“.
Во алинејата 2 по зборот „лица“ се додаваат зборовите „односно создадени работни места“.
Во алинејата 3 по зборот „лица“ се додаваат зборовите „односно создадени работни места“.
Во алинејата 4 по зборот „лица“ се додаваат зборовите „односно создадени работни места“.

Член 11

Во член 24 во ставот (2) зборовите „датумот во кој започнува инвестицискиот проект, сметано од годината на склучување на договорот на финансиска поддршка“ се заменуваат со зборовите „датумот на започнување на инвестицискиот проект“.
Во став (4) се додава нова реченица која гласи: „Во случај на испразнување на работното место по било која основа, деловниот субјект е должен истото да го пополни во рок од три месеци, во спротивно потребно е да ги врати средствата кои ги добил по основ на создаденото работно место согласно член 13 од овој закон.“

Член 12

Во член 33 во ставот (1) зборовите „членот 27 став (2)“ се бришат.
Во став (2) по зборот „поддршка“ се додаваат зборовите „кој треба да биде склучен за изградба на нов деловен објект/и за кој се склучува договорот за финансиска поддршка“.

Член 13

Во член 34 во ставот (1) по зборот „Македонија“ се додаваат зборовите „преку Министерството за економија и труд“.
Ставот (2) се менува и гласи:
„Договорите за доделување на финансиска поддршка во име на Владата на Република Северна Македонија ги потпишува министерот за економија и труд.“

Член 14

Во член 35 во ставот (1) бројот „17,“ се брише, а зборовите „институциите надлежни“ се заменуваат со зборовите „надлежната институција“.

Член 15

Во член 36 ставот (1) се менува и гласи:
„Надлежен орган за спроведување на постапката за доделување на финансиска поддршка е Министерството за економија и труд.“
Ставот (2) се менува и гласи:
„Деловните субјекти поднесуваат барања за доделување на финансиска поддршка до Министерството за економија и труд.“.
Ставот (3) се брише.

Член 16

Во член 37 во ставот (1) зборовите „надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон” се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд”.

Во ставот (2) зборот „три” се заменува со зборот „четири”, а зборовите „или започнал со дејност” се бришат.
Ставот (3) се менува и гласи:
„Освен документите од ставот (2) на овој член, Министерството за економија и труд може да побара од поднесителот на барањето да достави и други документи со кои се потврдуваат податоци и факти наведени во барањето за доделување на финансиска поддршка”.
Ставот (4) се менува и гласи:
„Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член, како и потребната документација од став (3) на овој член ги пропишува министерот за економија и труд.”

Член 17

Членот 38 се менува и гласи:

„(1) Министерството за економија и труд најдоцна до крајот на тековниот месец ги разгледува барањата пристигнати во претходниот месец и доставената документација при што ја утврдува комплетноста на барањето и доставената документација, врз основа на што составува писмен извештај за разгледаните барања.
(2) Доколку доставените барања и документацијата од ставот (1) на овој член не се комплетни Министерството за економија и труд доставува известување во рок од осум дена од разгледувањето на барањето до барателот со укажување за дополнување на поднесеното барање со потребна документација во рок од 14 дена од денот на доставувањето на известувањето.
(3)Доколку барателот не постапи согласно со ставот (2) на овој член Министерството за економија и труд ќе го извести барателот во рок од осум дена од истекот на рокот за дополнување на барањето, дека барањето поради некомплетност нема да биде предмет на разгледување во постапката за доделување на финансиска поддршка.

(4)Министерството за економија и труд до Комисијата за евалуација на барањата за доделување на финансиска поддршка за инвестиции формирана од Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комисија за евалуација) во рок од осум дена го доставува писмениот извештај од ставот (1) на овој член со сите барања со потребната комплетна документација.

(5)Комисијата за евалуација од ставот (4) на овој член ја сочинуваат член од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд и Министерството за финансии.
(6)На членовите на Комисијата за евалуација им следува надоместок, кој го определува Владата на Република Северна Македонија, врз основа на бројот на разгледани барања и бројот на одржани состаноци. Со работата на Комисијата претседава членот од Министерството за економија и труд.
(7)За начинот на својата работа Комисијата за евалуација донесува Деловник за работа.
(8)Комисијата за евалуација го разгледува писмениот извештај со добиените барања и документацијата од ставот (4) на овој член и во рок од 15 дена од приемот на истите изготвува Извештај и го доставува до Министерството за економија и труд. Извештајот

содржи: број на добиени барања и видот на финансиската поддршка, листа на деловните субјекти и инвестициските проекти чии барања ги исполнуваат условите за склучување на договор за финансиска поддршка, како и мислење за исполнетост на услови за добивање на финансиска поддршка согласно со овој закон. Извештајот треба да биде потпишан од сите членови на Комисијата.
(9) По добиениот Извештај на Комисијата за евалуација, Министерството за економија и труд доставува известување во рок од осум дена до сите деловни субјекти кои не ги исполнуваат условите за склучување на договор за финансиска поддршка со причините за истите утврдени во Извештајот.".

Член 18

Член 39 се менува и гласи:

„(1) Министерството за економија и труд врз основа на Извештајот на Комисијата за евалуација од членот 38 став (8) од овој закон, најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на Извештајот до Владата на Република Северна Македонија доставува нацрт - договори за добивање согласност за доделување на финансиска поддршка.
(2) Договорите од ставот (1) на овој член се склучуваат од страна на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 јули во тековната година а во име на Владата на Република Северна Македонија ги потпишува министерот за економија и труд.".

Член 19

Во член 40-а во ставот (3) зборовите „надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон" се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд".
Во став (6) по зборовите „од овој закон„ се додаваат зборовите "при што за одлучување по барањата од ставот (2) на овој член не се применуваат условите предвидени во член 9 став (1) алинеи 2 и 3 од овој закон.".
Ставот (7) се менува и гласи:
„Министерството за економија и труд, врз основа на Извештај на Комисијата за евалуација од членот 38 став (8) од овој закон, во рок од 15 дена од денот на добивањето на Извештајот до Владата на Република Северна Македонија доставува нацрт - анекси на договори за измена на договори за финансиска поддршка на инвестиции за добивање согласност."
Ставот (8) се менува и гласи:
„ Анекс Договорите од ставот (7) на овој член се склучуваат од страна на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 јули во тековната година а во име на Владата на Република Северна Македонија ги потпишува министерот за економија и труд."

Член 20

По член 40-а се додава нов наслов и нов член 40-б кои гласат:

„Раскинување на договор за доделување на финансиска поддршка

Член 40-б

(1) Договорот за доделување на финансиска поддршка може да се раскине во случај на повреда на обврските од  договорот од страна на корисникот на финансиската поддршка наведени во член 40 став (1) алинеја 4,5,8 и 9, а особено во следниве случаи:
- доколку корисникот на финансиската поддршка инвестира во продуктивни почетни инвестиции кои не се наведени во Писмото на намери, Деловниот план и Договорот;
- доколку корисникот на финансиската поддршка дал невистинити податоци во Писмото за намери, Деловниот план или барањето за финансиска поддршка;
- доколку корисникот на финансиската поддршка не и овозможи на Комисијата за надзор на договорите за финансиска поддршка на инвестиции од член 44-а од овој закон да изврши увид и/или корисникот на финансиската поддршка не ја обезбеди потребната документација на барање на Министерството за економија и труд или Комисијата за надзор на договорите за финансиска поддршка на инвестиции од член 44-а;

(2) Договорот може да се раскине со доставување на барање за раскинување на договорот и потребна документација и од страна на корисникот на финансиската поддршка доколку:
- корисникот на финансиската поддршка не започнал со инвестицискиот циклус или
- корисникот на финансиска поддршка започнал со инвестицискиот циклус и добил финансиска поддршка, но поради објективни причини (виша сила, како и работи кои корисникот може да докаже дека не зависат од него) не може да ја заврши инвестицијата при што во тој случај, корисникот на финансиска поддршка согласно членот 13 од овој закон  задолжително ги враќа добиените средства како финансиска поддршка со референтна стапка на Народна Банка на Република Северна Македонија за пресметка на казнена камата за соодветниот период плус 10% поени.

(3) Согласноста за раскинување на договорот за доделување на финансиска поддршка ја дава Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за економија и труд согласно Извештајот од член 42 став (2) и/или Извештајот од член 44-а став (5) .

(4) Формата и содржината на барањето со потребната документација од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за економија и труд.“.

Член 21

Членот 41 ставот (1) се менува и гласи:

„Министерството за економија и труд води евиденција за склучените договори за доделување на финансиска поддршка и во име на давателот на финансиската поддршка, еднаш годишно, доставува годишен извештај до Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и до Владата на Република Северна Македонија.“

Член 22

Член 42 се менува и гласи:

„(1) Министерството за економија и труд го следи спроведувањето на склучените договори за доделување на финансиска поддршка за време на нивната важност.
(2) За следењето на спроведување на договорот за доделување на финансиска поддршка, Министерството за економија и труд изготвува Извештај и најмалку еднаш годишно го доставува до Владата на Република Северна Македонија
(3) Видот, начинот и обемот на вршење на активностите на следење на спроведувањето на склучените договори на финансиска поддршка ги пропишува министерот за економија и труд .
(4) Следењето на спроведувањето на склучените договори за доделување на финансиска поддршка согласно овој член не ја исклучува надлежноста на другите државни органи и нивните овластувања за постапување во рамки на соодветната законска надлежност која се однесува на работењето на корисникот на финансиската поддршка или инвестицискиот проект кој тој го реализира.“

Член 23

Членот 43 се менува и гласи:

„(1) Корисникот на финансиската поддршка најдоцна до 31 август во тековната година за исплата на средства согласно со склучениот договор за финансиска поддршка доставува барање за исплата на финансиската поддршка со потребната документација до Министерството за економија и труд.

(2) Министерството за економија и труд го разгледува барањето за исплата на финансиската поддршка со потребната документација од ставот (1) од овој член и откако ќе утврди дека се исполнети условите за користење на финансиска поддршка предвидени во овој закон, изготвува Извештај со пресметка на одобрената финансиска поддршка врз основа на кој врши исплата.

(3) Формата и содржината на барањето за исплата на финансиска поддршка и потребната документација од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија и труд.
(4) Видовите на оправдани инвестициски трошоци и начинот на спроведување на исплатата на финансиската поддршка ги пропишува министерот за економија и труд.“.

Член 24

Членот 44 се брише

Член 25

Насловот пред членот 44-а се брише, а членот 44-а се менува и гласи:

„(1) Надзорот на постапката за доделување на финансиска поддршка, склучувањето, измената и раскинувањето на договорите за финансиска поддршка, пресметката на

оправданите трошоци и исплатата на финансиската поддршка на договорите за финансиска поддршка на инвестициите ја врши Комисијата за надзор на договорите за финансиска поддршка (во понатамошниот текст: Комисија за надзор).
(2) Комисијата за надзор ја формира Владата на Република Северна Македонија со членови од: Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија , Министерството за економија и труд и Министерството за финансии. Со работата на Комисијата за надзор претседава членот од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .
(3) На членовите на Комисијата за надзор им следува надоместок кој го определува Владата на Република Северна Македонија по спроведен надзор на конкретна постапка за доделување на финансиска поддршка.
(4) Видот, начинот и обемот на вршење на контрола на договорите за доделување на финансиска поддршка ги пропишува Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за економија и труд.
(5) Комисијата за надзор најмалку два пати во годината, до Владата на Република Северна Македонија доставува збирен извештај со преглед на сите извршени надзори, како и примероци од поединечните извештаи за извршени надзори.“

Член 26

Започнатите постапки за доделување и исплата на финансиска поддршка до денот на влегување во сила на овој закон ќе продолжат согласно одредбите од Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 124/19 и 178/21), освен исплатата на износот на средства кој му следуваат на корисникот на финансиска поддршка во 2025 година, која ќе се врши од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија.

Член 27

(1) Договорите за доделување на финансиска поддршка по поднесени барања за доделување на финансиска поддршка до 31 мај 2025 година ги склучува министерот за економија и труд во име на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 15 септември 2025.година.
(2) Анексите на договорите за доделување на финансиска поддршка по поднесени барања за измена на истите до 31 мај 2025 година ги склучува министерот за економија и труд во име на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 15 септември 2025 година.

Член 28

(1)Деловните субјекти кои поднеле барање за доделување на финансиска поддршка на инвестиции до 31 мај 2025 година и склучиле договори за доделување на финансиска поддршка на инвестиции до 15 септември 2025 година, можат да поднесат барања за исплата на финансиската поддршка со потребната документација, најдоцна до 15 октомври 2025 година.

(2)Деловните субјекти кои поднеле барање за измена на договорите за доделување на финансиската поддршка на инвестиции до 31 мај 2025 година и склучиле анекси на договорите за доделување на  финансиска поддршка на инвестиции до 15 септември 2025 година, можат да поднесат барања за исплата на финансиската поддршка со потребната документација, најдоцна до 15 октомври 2025 година.

(3)Одобрената финансиска поддршка за реализираните оправдани инвестициски трошоци во претходната година за деловните субјекти од ставовите (1) и (2) на овој член ќе се исплаќа во една транша до 25 декември 2025 година.

Член 29

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Агенцијата за странски инветиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија се должни договорите за доделување финансиска поддршка склучени до 31 декември 2025 година со целокупната документација да ги предадат на Министерството за економија и труд најдоцна до 31 јануари 2026 година.
..

Член 30

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 31

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година, освен одредбите од членот 13 од овој закон со кој се менува член 34 ставови (1) и (2), членот 17 од овој закон ставови (5), (6) и (7), членот 20 од овој закон со кој се додава нов член 40-б, членот 24 од овој закон со кој се брише член 44 и членот 25 од овој закон со кој се менува член 44-а, кои ќе отпочнат да се применуваат со денот на влегувањето во сила на овој закон.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции содржи 31 член.
Со член 1 од измените се интервенира во член 4 така што се брише дефиницијата за „добавувач", а во точката 12 се врши допрецизирање во делот на продуктивните почетни инвестиции дека се поврзани со производна дејност во преработувачката индустрија. Воедно се додава нова точка со која се дефинира „новоформиран деловен субјект".
Со член 2 се менува член 9 со кој се објаснува кои субјекти можат да бидат корисници на финансиска помош, во ставот (1) се прецизира износот на продуктивната почетна инвестиција (не помал од 100.000 евра).
Со член 3 се врши измена во член 10 став 1 алинеите 6 и 7 се бришат со што на субјектитите со дејност во примарно земјоделство, шумарство и рибарство, градежни дејности поврзани со изградба и продажба на станови, станбени и деловни згради, но не им се дава можност да станат баратели на финансиска поддршка затоа што не влегуваат во НКД Рев 2 Преработувачка индустрија..
Во член 4 се изменува членот 14 во делот на предвидени видови на финансиска поддршка, така што можноста за поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи се брише.
Со член 5 се интервенира во членот 16 и се допрецизира еден од условите за финансиската поддршка на нововработените лица.
Со член 6 се брише насловот и членовите кои го уредуваат делот на финансиска поддршка на за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи регистирани во РСМ.
Со член 7 се брише член 18.
Со член 8 се брише член 19.
Со член 9 од измените се врши измена и дополнување на член 20 каде се објаснети условите за финансиска поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување, при што персоналните трошоци за истражувачи , техничари и друг кадар нема повеќе да се предвидуваат, а се допрецизираат условите и критериумите за опрадавни инвестициски трошоци за трансфер на технологија и know how. Потоа, активностите и резултатите од организациониот облик за технолошки развој и истражување, субјектот е потребно да ги применува во својата производствена дејност и определено е времетраењето организацискиот облик за технолошки развој и истражување (најмалку 5 години).
Со член 10 се интервенира во член 23 од постојниот закон и се допрецизираат условите за реализација на финансиска поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес за РСМ во однос на поддршката за нови вработувања и условите за исплата на средства.
Со член 11 се интервенира во член 24 така што се допрецизираат условите за временска реализација на финансиската поддршка за инвестициски проекти од

значаен економски интерес за РСМ во однос на поддршката за нови вработувања и се појаснува кога во случај на испразнување на работно место по било која основа, деловниот субјект потребно е истото да го пополни во рок од три месеци, во спротивно потребно е да ги врати средствата кои ги добил по основ на ново создаденото работно место.
Со членот 12 се интервенира во членот 33 и се прецизираат условите за финансиска поддршка за деловни субјекти основани од државјани на РСМ со постојан или привремен престој надвор од РСМ, при што максималниот износ на финансиска поддршка за превземање на деловни претпријатија во потешкотии се брише, а исто така се додава и условот дека објектот за кој се бара финансиска поддршка потребно е да биде нов, покрај постоечкиот услов да биде во сопственост најмалку 51% на барателот/барателите на финансиска поддршка.
Со членот 13 се врши измена на членот 34 со кој Договорите за доделување на финансиска поддршка на инвестициите во име на Владата на РСМ ги потпишува министерот за економија и труд.
Со член 14 се интервенира во членот 35 каде се врши појаснување во врска со исплатата на средствата за финансиска поддршка дека ќе ја извршува една надлежна институција.
Со член 15 се менува член 36 и се дефинира надлежната институција за доделување на средствата од финансиската поддршка (Министерството за економија и труд).
Со членот 16 се интервенира во членот 37 во делот на појаснување на постапката за доделување на финансиска поддршка.
Воедно, со членот 17 се интервенира во членот 38 кој се менува и сега се предвидува дека целата постапка за доделување на финансиската поддршка се одвива преку Министерството за економија и труд и Комисијата за евалуација формирана од страна на ВРСМ.
Со член 18 се врши менување на член 39 каде се прецизира дека Министерството за економија и труд во определениот рок е потребно, врз основа на претходен Извештај, да достави Нацрт договори за добивање на согласност за доделување на финансиска поддршка до ВРСМ. Овие Договори ги склучува ВРСМ, а ги потпишува министерот за економија.
Со членот 19 се интервенира во членот 40-а каде се прецизира потписникот при измена на договор за финансиска поддршка односно потписникот на анекс договорот е министерот за економија и труд.
Со член 20 се додава нов член 40-б кој ги определува условите за раскинување на договор за финансиска поддршка.
Со член 21 се менува членот 41и се прецизира надлежниот орган за водење евиденција за склучен договор за доделување на финансиска поддршка.
Со член 22 се менува членот 42 со кој се појаснуваат условите и надлежниот орган за следење на спроведувањето на склучените договори за финансиска поддршка.
Со членот 23 се изменува член 43 со што се објаснува постапката за исплата на финансиската поддршка преку Извештај со пресметка на одобрена финансиска подршка за исплата на секој поединечен корисник, кој го изготвува Министерството за економија и труд. Формата и содржината на барањето за исплата на финансиската поддршка, како и видовите на оправдани инвестициски трошоци и начин на спроведување на исплатата ја пропишува министерот за економија и труд.
Со член 24 се брише членот 44 кој се однесува на надзорот над примената на овој закон.

Со член 25 се менува членот 44-а каде се определува формирање на нова Комисија за контрола на договорите, нејзини членови, како и видот, начинот и обемот на вршење на контрола на договорите за финансиска поддршка потребно е да ги пропише Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за економија и труд и се предвидува доставување збирен извештај со преглед на сите извршени контроли до ВРСМ.
Со членовите 26, 27, 28, 26, 29 и 30 се воведуваат одредби со кои се регулира стапувањето во сила на новите измени и дополнувања, надлежностите на Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија кои преминуваат во Министерството за економија и труд, како и предавањето на целокупната документација на Министерство за економија и труд од страна на Генералниот секретаријат на ВРСМ до предвидениот рок.
Со членот 31 е уредено влегувањето во сила на овој закон односно истиот вегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на Министерството за економија и труд во член 11 со кој се менува членот 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

**Значење на употребени поими**

**Член 4**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Давател на државна помош“ е Владата на Република Северна Македонија.

2. „Деловен субјект“ е трговец регистриран во Регистар на трговски друштва во Централен Регистар на Република Северна Македонија.

3. „Добавувач“ е секој деловен субјект кој не е капитално или на кој било друг начин согласно закон поврзан со корисникот на финансиската поддршка од овој закон и кој врши претходни процеси и операции врз производот кој се доставува и вградува во производот на корисникот на финансиската поддршка.

4. „Државна помош“ е помош доделена од давателот на државната помош во форма на финансиска поддршка согласно овој закон.

5. „Индустриско истражување“ е планирано или критичко истражување со цел стекнување на нови знаења и вештини за развој на нови производи, процеси или услуги или за значително подобрување на постојните производи, процеси и услуги.

6. „Организационен облик за технолошки развој и истражување“ е место во или вон производствениот капацитет на корисникот на финансиската поддршка каде што тој развива или иновира високо-технолошки производи, технологии или производствени процеси, при што развојот на производот или иновацијата не вклучуваат редовни и вообичаени модификации на производи, производни линии, производни процеси, постојни сервиси и други тековни активности иако тие внесуваат промени. Производствениот процес на деловниот субјект сам по себе не се смета за активност на организациониот облик за технолошки развој и истражување.

7. „Високо квалификуван персонал" се истражувачи, инженери, дизајнери и маркетинг менаџери со високо образование и најмалку пет години релевантно професионално искуство.

8. „Оправдани инвестициски трошоци“ се трошоци за вложувања во материјални и нематеријални средства за потребите на инвестицискиот проект,

9. „Материјални средства“ се сите средства како земјиште, згради, опрема, постројки и нови машини потребни за реализација на инвестицискиот проект,

10. „Нематеријални средства“ се вложувања во трансфер на технологија, стекнување патенти, лиценци, знаење и искуство (know-how), други права од интелектуална сопственост признаени во националното законодавство во земјата на потекло на правото односно во Република Северна Македонија. или непатентирано техничко знаење потребни за реализација на инвестициски проект,

11. „Корисник на финансиска поддршка“ е секој деловен субјект на кој му е доделена финансиска поддршка за реализација на инвестициски проект согласно овој закон,

12. „Продуктивни почетни инвестиции“ се инвестиции во материјални и/или нематеријални

средства поврзани со:
- основање на нов деловен субјект;
- проширување на капацитетот на производството на постојниот деловен субјект;
- воведување на производен процес;
- воведување на нови производи;
- суштинска промена во целокупниот процес на производство на постојниот деловен субјект и

- стекнување на основни средства од деловен субјект кој е во постапка на стечај, под услов истите да се купени од субјект којшто не е во капитална или друга поврзаност согласно закон со субјектот од кој се купуваат средствата.

13. „Нова машина“ е секоја машина, опрема или постројка произведена не порано од две години од датумот на купување, и е набавена или произведена од корисникот на финансиската поддршка под реални пазарни услови и цена утврдени согласно меѓународни сметководствени стандарди прифатени во Република Северна Македонија,

14. „Инвестициски проект“ се сите активности кои ќе бидат преземени од деловниот субјект и кои вклучуваат инвестиции во изградба на нови односно адаптација, реконструкција или доградба на веќе постоечки објекти, набавка на опрема, машини и постројки и отворање на нови работни места согласно деловниот план, како и инвестиции во нематеријални средства,

15. „Голем инвестициски проект“ е инвестициски проект со вредност над 50.000.000 евра во денарска противвредност,

16. „Почеток на реализација на инвестициски проект” е датум утврден во договорот за финансиска поддршка на инвестициите кој ќе содејствува со видот на инвестицискиот проект.

Субјекти кои можат да бидат корисници на финансиска поддршка

Член 9

(1) Субјекти кои можат да бидат корисници на финансиска поддршка се деловни субјекти:

- кои започнале продуктивна почетна инвестиција и
- кои оствариле пораст на вкупни приходи од работењето во последната година во однос на просекот од претходните три години или за пократок период доколку деловниот субјект е регистриран и започнал со дејност во период пократок од четири години сметано од денот на доставување на барање за доделување на финансиска поддршка и

- кај кои просечниот број на вработени во последната година во однос на просекот од претходните три години не бил намален за повеќе од 5% или за пократок период доколку деловниот субјект е регистриран и започнал со дејност во период пократок од четири години сметано од денот на доставување на барање за доделување на финансиска поддршка.

(2) Корисници на финансиска поддршка можат да бидат и новоформирани деловни субјекти кои не ги исполнуваат условите од ставот (1) алинеи 2 и 3 на овој член.

(3) Корисници на финансиска поддршка можат да бидат и деловните субјекти од кожарско-преработувачката и текстилната индустрија, при што за овие деловни субјекти не се применуваат условите од ставот (1) алинеја 3 на овој член.

(4) Корисници на финансиска поддршка можат да бидат и деловните субјекти кои вршат дејности поврзани со наменско производство (вооружување и воена опрема) 6

(5) Деловниот субјект ќе се стекне со право да користи финансиска поддршка согласно со овој закон ако кумулативно ги исполни условите предвидени во ставот (1) на овој член.

**Субјекти кои не можат да бидат корисници на финансиска поддршка**
**Член 10**

Финансиска поддршка согласно овој закон не може да биде доделена на субјекти:

- јавни претпријатија основани и во сопственост на државата и единиците на локалната самоуправа, трговски друштва кои се во целосна или делумна сопственост на државата и единиците на локалната самоуправа, јавните приватни партнерства во кои учествува државата или единиците на локалната самоуправа,

- кои се носители на лиценца за производство на електрична енергија, но само доколку добиваат механизми за поддршка (повластени тарифи или премиуми), односно електричната енергија ја продаваат по регулирани цени,
- кои вршат регулирана дејност чија цена ја одредува независно регулаторно тело,

- корисници на право на концесии на добра од општ интерес, но само доколку концесијата се користи за продуктивна почетна инвестиција,

- кои произведуваат акцизна стока и тоа само за делот за производство на акцизна стока,

- кои вршат дејност од областа на примарно земјоделство, шумарство и рибарство, освен преработувачки дејности во земјоделството, шумарството и рибарството кои не користат субвенции,

- кои вршат градежни дејности поврзани со изградба и продажба на станови и станбени и деловни згради и тоа само за делот на градежната дејност изградба и продажба на станови, станбени и деловни згради.

**Видови на финансиска поддршка**

**Член 14**

(1) Видови на финансиска поддршка за инвестиции и конкуретност се:

а) Поддршка за нови вработувања;

б) Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Северна Македонија;

в) Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување;

г) Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес;

д) Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи;

ѓ) Поддршка за преземање на деловни субјекти во потешкотии и

е) Поддршка за зголемување на конкурентност на пазарот.

(2) Деловниот субјект може да поднесе барање за склучување на договор за финансиска поддршка за повеќе видови на финансиска поддршка за инвестиции и конкуретност од ставот (1) на овој член.

**Член 16**

За остварување на финансиска поддршка од членот 15 од овој закон, најмалку 50% од нововработените лица во текот на годината за која се бара финансиска поддршка треба да се лица
кои исполнуваат најмалку еден од следниве услови и тоа:

- најмалку три месеци пред вработувањето да немале засновано работен однос и најмалку 12 месеци пред вработувањето да не биле вработени кај корисникот на финансиската поддршка или во поврзан деловен субјект или
- прв пат да засноваат работен однос со него или
- последниот работен однос да им престанал поради отворање на стечајна или ликвидациска постапка или

- непосредно пред вработувањето да бил вработен во јавна или државна администрација.

Финансиска поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи регистрирани во Република Северна Македонија

**Член 17**

(1) Финансиската поддршка за воспоставување и унапредување на деловната соработка со добавувачи се однесува на деловни субјекти кои вршат дејност во технолошко индустриските развојни зони и кои ќе набават и вградат производи од добавувачи во крајниот производ наменет за извоз.
(2) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член изнесува 10% од вредноста на вкупно извршените набавки на производи од добавувачи што се вградуваат во производот на корисникот на финансиската поддршка во претходната година, под услов вкупните набавки од добавувачи да бидат најмалку 7,5% од вкупните набавки на корисникот на финансиска поддршка во претходната година.
(3) Максималниот годишен износ на финансиската поддршка од ставот (2) на овој член не може да изнесува повеќе од 300.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата.
(4) Во деловната соработка од ставот (1) на овој член не се земаат предвид набавки извршени од јавни претпријатија (електрична енергија, горива, гас, вода, комуналии, телеком услуги и слично), како и адвокатски, сметководствени или консултантски услуги.
(5) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член не може да се исплаќа за временски период подолг од пет години.

Член 18

За остварување на правото на финансиска поддршка од членот 17 од овој закон потребно е корисникот да реализирал набавки од добавувачи кои не се капитално или на кој било начин согласно со закон поврзани со корисникот на финансиската поддршка и кои вршат претходни процеси и операции врз производот кој се доставува и вградува во производот на корисникот на финансиската поддршка.

Член 19

Корисникот на финансиската поддршка од членот 17 од овој закон има обврска да ја одржи дејноста најмалку пет години сметано од последната година за која е исплатена финансиската поддршка.

Финансиска поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување

**Член 20**

(1) Финансиска поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување се доделува за воспоставување на одделенија, центри или друг облик на организациска структура, во кои се реализираат одржливи истражувачки и развојни проекти и/или се ангажира високо квалификуван персонал со цел стекнување на нови знаења и вештини за развој на нови производи, производни процеси и услуги или за значително подобрување на постојните производи, производните процеси и услуги во производните дејности, со исклучок на прототипи.

(2) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член се доделува на деловни субјекти кои ќе формираат самостојни организациони облици за технолошки развој и истражување, или ќе ги формираат како дел од постојната организациона структура.

(3) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член изнесува 50% од вкупните оправдани инвестициски трошоци за индустриско истражување, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата за времетраење на инвестицискиот проект.

(4) Оправдани инвестициски трошоци од ставот (1) на овој член се:

- персонални трошоци (истражувачи, техничари и друг кадар за поддршка, вработени или ангажирани на проектот за истражување) до степенот до кој перосналот е вработен или ангажиран за потребите на истражувачкиот проект,

- трошоци за инструменти, нови машини и опрема кои се користат за потребите на истражувачкиот проект, до степенот до кој истите се користат за потребите на истражувачкиот проект,
- трошоци за згради и земјиште на кое ќе се воспостави организационен облик за технолошки развој, до степенот до кој истите се користат за потребите на истражувачкиот проект,
- трошоци за договорно истражување, техничко знаење и патенти, купени или лиценцирани од страна на надворешни извори, по пазарни цени, како и трошоци за консултантски и еквивалентни услуги кои исклучиво се користат за истражувачките активности, - дополнителни трошоци настанати директно како резултат на истражувачки проекти; и

- други оперативни трошоци, вклучувајќи ги и трошоците за материјали, набавки и слични производи настанати директно како резултат на истражувачката дејност.

(5) Финансиската поддршка од ставот (3) на овој член се исплаќа за временски период не подолг од пет години.

**Член 23**

Финансиската поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес за Република

Северна Македонија се состои од: а) исплата на средства во висина на платениот данок на личен доход од платите на нововработените лица, државјани на Република Северна Македонија почнувајќи од датумот на

почеток на инвестицискиот проект; б) исплата на средства во висина на платениот данок на добивка, кој произлегува исклучиво од

активностите во рамки на инвестицискиот проект; в) парични средства во износ до 10% од оправданите инвестициски трошоци (материјални и нематеријални средства) реализирани во рамки на инвестицискиот проект, но не повеќе од 1.000.000 евра годишно во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на

Република Северна Македонија на денот на исплатата; г) исплата на парични средства за секое нововработено лице за кое е континуирано исплатена нето-плата повисока за најмалку 50% од висината на минималната нето-плата пропишана со Законот за минимална плата во Република Северна Македонија и тоа:

- износ од 2.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, за првите 300 нововработени лица во рамки на инвестицискиот проект,

- износ од 3.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, само за делот на нововработените од 301 до 500 лица,

- износ од 3.500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, само за делот на нововработените од 501 до 1.000 лица,

- износ од 4.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, само за делот на нововработените од 1.001 до 2.000 лица.

(2) Финансиската поддршка од ставот (1) точки а) и б) од овој член не може да се додели на корисници кои користат финансиска поддршка од ист вид согласно закон.

(3) Финансиската поддршка од ставот (1) точка в) од овој член не може да се додели на корисници кои користат финансиска поддршка од членот 25 од овој закон.

(4) Финансиската поддршка од ставот (1) точка г) алинеи 1, 2, 3 и 4 на овој член не се доделува на корисници кои користат финансиска поддршка од членот 15 од овој закон.

### Член 24

(1) Финансиската поддршка од членот 23 став (1) точка а) од овој закон се остварува на годишно ниво во времетраење до десет години сметано од месецот во кој започнува инвестицискиот проект.

(2) Финансиската поддршка од членот 23 став (1) точка б) од овој закон се остварува на годишно ниво во времетраење до десет години сметано од датумот во кој започнува инвестицискиот проект, сметано од годината на склучување на договорот за финансиска поддршка.

(3) Финансиската поддршка од членот 23 став (1) точка в) од овој закон се остварува на годишно ниво за период од пет години сметано од датумот на започнување на инвестицискиот проект.

(4) Финансиската поддршка од членот 23 став (1) точка г) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон ќе се исплатува еднократно за секое ново-создадено работно место на годишно ниво за период од пет години сметано од датумот на започнување на инвестицискиот проект.

(5) Корисникот на финансиската поддршка треба да ја одржи инвестицијата и новосоздадените работни места за кои е примена финансиска поддршка согласно со членот 23 став (1) точка г), за период од најмалку пет години сметано од датумот на завршување на инвестицискиот проект.

Финансиска поддршка за деловни субјекти основани од државјани на Република Северна Македонија со постојан или привремен престој надвор од Република Северна Македонија

### Член 33

(1) За продуктивни почетни инвестиции на деловни субјекти основани од државјани на Република Северна Македонија, коишто имаат или имале регулиран постојан или привремен престој во странство, односно надвор од Република Северна Македонија во период од најмалку пет години, до денот на поднесувањето на барањето, износот на финансиската поддршка од членот 23 став

(1) точка (в), членот 25 став (2), членот 27 став (2) и членот 29 став (2) од овој закон, се зголемува за 15% од оправданите инвестициски трошоци, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народнаtа банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, на годишно ниво. 14

(2) Државјани на Република Северна Македонија од ставот (1) на овој член, треба да поседуваат најмалку 51% од сопственоста на деловниот субјект, при поднесување на барањето за исплата, како и за целиот период на важењето на договорот за финансиска поддршка.

**Значење на одредени поими и изрази**
**Доделување на финансиска поддршка**
**Член 34**

(1) Финансиската поддршка согласно овој закон ја доделува Владата на Република Северна Македонија.
(2) Договорите за финансиска поддршка во име на Владата ги потпишува еден од следниве потписници:
- Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции,
- Министерот за економија,
- Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и
- Директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

**Средства за финансиска поддршка**

**Член 35**

(1) Финансиската поддршка од членовите 15, 17, 20, 23, 25, 27, 29, 31 и 33 од овој закон се одобрува до износот на средства за таа цел утврдени во буџетот за тековната година на институциите надлежни за исплата.

(2) Доколку врз основа на проекцијата за видот и максималниот износ на финансиска поддршка се надминат утврдените буџетски средства за таа намена, исплатата се врши сразмерно по корисник на финансиска поддршка во рамките на утврдените буџетски средства за соодветната фискална година. Износот кој ги надминува утврдените буџетски средства за таа намена не претставува обврска на Буџетот на Република Северна Македонија.

Надлежни органи за спроведување на постапката за доделување на финансиска поддршка

**Член 36**

(1) Надлежни органи за спроведување на постапката за доделување на финансиска поддршка се Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот.

(2) За инвестициски проекти во технолошко индустриски развојни зони и индустриски зони управувани од Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони, деловните субјекти поднесуваат барања за користење на финансиска поддршка до Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони.

(3) За инвестициски проекти надвор од технолошко индустриски развојни зони и индустриски зони управувани од Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони, деловните субјекти поднесуваат барања за користење на финансиска поддршка до Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

**Постапка за доделување на финансиска поддршка**

**Член 37**

(1) За доделување на финансиска поддршка согласно со овој закон, деловниот субјект најдоцна до 31 мај во тековната година поднесува барање за доделувањена финансиска поддршка до надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) одовој закон.

(2) Кон барањето се доставува Писмо на намери, деловен план за инвестициски проект и финансиски извештаи за последните три години или за пократок период во зависност од датумот на кој деловниот субјект е основан или започнал со дејност.

(3) Освен документите од ставот (1) на овој член надлежниот орган од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон може да побара од поднесителот на барањето да достави и други документи со кои се потврдуваат податоци и факти наведени во барањето за доделување на финансиска поддршка.

(4) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член како и потребната документација од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за економија.

**Член 38**

(1) Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон најдоцна до крајот на тековниот месец ги разгледуваат барањата пристигнати во претходниот месец и доставената документација при што ја утврдуваат комплетноста на барањето и доставената документација, врз основа на што составуваат писмен извештај за разгледаните барања.

(2) Доколку доставените барања и документацијата од ставот (1) на овој член не се комплетни надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон доставуваат известување во рок од осум дена од разгледувањето на барањето до барателот со укажување за дополнување на поднесеното барање со потребна документација во рок од 14 дена од денот на доставувањето на известувањето.

(3) Доколку барателот не постапи согласно со ставот (2) на овој член надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон ќе го известат барателот во рок од осум дена од истекот на рокот за дополнување на барањето,

дека барањето поради некомплетност нема да биде предмет на разгледување во постапката за доделување на финансиска поддршка.

(4) Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон до Комисијата за евалуација на барањата за доделување на финансиска поддршка за инвестиции формирана од Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комисија за евалуација) во рок од осум дена го доставува писмениот извештај од ставот (1) на овој член со сите барања со потребната комплетна документација (5) Комисијата за евалуација од ставот (4) на овој член ја сочинуваат член од

Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија и други членови назначени од Владата на Република Северна Македонија.
(6) На членовите на Комисијата за евалуација им следува надоместок, кој го определува Владата на Република Северна Македонија, врз основа на бројот на разгледани барања и бројот на одржани состаноци. Со работата на Комисијата претседава членот од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.
(7) За начинот на својата работа Комисијата за евалуација донесува Деловник за работа.
(8) Комисијата за евалуација го разгледува писмениот извештај со добиените барања и документацијата од ставот (4) на овој член и во рок од 15 дена од приемот на истите изготвува Извештај и го доставува до надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон. Извештајот содржи: број на добиени барања и видот на финансиската поддршка, листа на деловните субјекти и инвестициските проекти чии барања ги исполнуваат условите за склучување на договор за финансиска поддршка, како и мислење за исполнетост на услови за добивање на финансиска поддршка согласно со овој закон. Извештајот треба да биде потпишан од најмалку две третини од сите членови на Комисијата.
(9) По добиениот Извештај на Комисијата за евалуација, надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) доставуваат известување во рок од осум дена до сите деловни субјекти кои не ги исполнуваат условите за склучување на договор за финансиска поддршка со причините за истите утврдени во Извештајот.

**Член 39**

Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон врз основа на Извештајот на Комисијата за евалуација од членот 38 став (8) од овој закон, најдоцна во рок од 15 дена од добивањето на Извештајот до Владата на Република Северна Македонија доставуваат Нацрт договор за добивање согласност за доделување на финансиска поддршка.

**Член 40-а**

Измена на договор за финансиска поддршка
(1) Договор за финансиска поддршка на инвестиции може да се измени доколку за одреден инвестициски проект деловниот субјект поднесе барање за проширување на обемот на финансиска поддршка преку доделување и на друг вид на финансиска поддршка од членот 14 од овој закон.
(2) Договор за финансиска поддршка на инвестиции може да се измени доколку за одреден инвестициски проект деловниот субјект поднесе барање за измена на минималниот износ на инвестиција и тоа истиот да се зголеми без ограничувања или да се намали, но не повеќе од 20% од вкупната вредност на инвестицискиот проект за кој е склучен Договорот за доделување на финансиска поддршка, освен за корисниците на финансиска поддршка од членот 22 од овој закон.

(3) Барањата од ставовите (1) и (2) на овој член деловниот субјект може да ги поднесе најдоцна до 31 мај во тековната година до надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон.
(4) Периодот за кој се врши измена на договорот, не може да биде подолг од периодот за кој е склучен договорот за финансиска поддршка на инвестициите.
(5) Кон барањата од ставовите (1) и (2) на овој член се доставува документација утврдена во членот 37 став (2) од овој закон.
(6) Постапката за одлучување по барањата од ставовите (1) и (2) на овој член, се врши согласно со членот 38 од овој закон.
(7) Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон, врз основа на извештајот на Комисијата за евалуација од членот 38 став (8) од овој закон, најдоцна во рок од 15 дена од добивањето на Извештајот до Владата на Република Северна Македонија доставуваат Нацрт анекс на договорот за измена на договорот за финансиска поддршка на инвестиции за добивање согласност.
(8) Анексот на договор од ставот (7) на овој член го склучува Владата на Република Северна Македонија, но не подоцна од 31 јули во тековната година, а во име на Владата го потпишува еден од потписниците наведени во членот 34 став (2) од овој закон.

**Следење на спроведување на склучени договори за доделување на финансиска поддршка**

**Член 42**

(1) Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон и Министерството за економија го следат и вршат контрола над спроведувањето на склучените договори за доделување на финансиска поддршка за време на нивната важност.
(2) Владата на Република Северна Македонија при донесување на одлука за склучување на секој Договор за доделување на финансиска поддршка ќе одреди кој од органите од ставот (1) на овој член ќе го следи предметниот договор.
(3) Видот, начинот и обемот на вршење на активностите на следење и контрола на реализацијата на склучените договори ќе го пропише министерот за економија во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(4) Следењето на спроведувањето на договорите согласно со овој член не ја исклучува надлежноста на другите државни органи и нивните овластувања за постапување во рамки на соодветната законска надлежност која се однесува на работењето на корисникот на финансиската поддршка или инвестицискиот проект кој тој го реализира.

**Исплата на финансиска поддршка**

**Член 43**

(1) Корисникот на финансиската поддршка кој ги исполнил условите согласно со договорот за финансиска поддршка најдоцна до 31 август во тековната година за исплата на средства согласно со склучениот договор за финансиска поддршка доставува барање за исплата на финансиската поддршка со потребната документација до надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон.
(2) Надлежните органи од ставот (1) на овој член го разгледуваат Барањето за исплата на финансиската поддршка и откако ќе утврдат дека се исполнети условите за користење на финансиска поддршка предвидени во овој закон ќе извршат исплата на износот кој му следува на корисникот. Доколку надлежниот орган не е потписник на

договорот за финансиска поддршка, разгледаното барање за исплата го доставува до Владата на Република Северна Македонија да изврши исплата.
(3) Формата и содржината на барањето и потребната документација од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија
(4) Видовите на оправдани инвестициски трошоци и начинот на спроведување на исплатата на финансиската поддршка ги пропишува министерот за економија.

**Надзор**
**Член 44**

Надзор над примената на овој закон врши Министерството за економија.

**Контрола на спроведувањето на договорите за финансиска поддршка**
**Член 44-а**

(1) Контролата на спроведувањето на договорите за финансиска поддршка на инвестициите ја вршат надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон и претставник од Министерството за економија.
(2) Контрола од ставот (1) на овој член ја вршат овластени лица вработени во надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон и Министерството за економија, со овластувањето за вршење на контрола, издадено од директор на надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон и овластување издадено од министерот за економија за претставникот од Министерството за економија.
(3) Начинот на вршење на контрола ќе го пропише министерот за економија.